## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деветтото продолжение на 88-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 24 јануари 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 19,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на РМ.

Господинот Сајковски се јавува за збор.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Господине претседателе. Пред да почнеме со расправа од продолжението на 88-та седница, предлагам точката 101 од Дневниот ред да почнеме, бидејќи после останувaат останатите предлози за ратификација на договори.

Значи да почнеме со Предлог законот за пратеници.

Предлагам пратениците да го прифатат овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на пратеникот Аце Сајковски го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници, Zа гласале 62 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници и против гласале 7 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-динот Аце Сајковски е усвоен.

Процедурално збор бара г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Јас се срамам и овој момент ја напуштам седницата.

Ќе ве молам, доста од лични интереси. Овде вршите предавство, а сега за лични интереси ќе се борите.

88-та седница каде што се работи за Закон за пратеници, каде барате привилегии, од овој напатен македонски народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ајде.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не ајде. Ќе продолжиме со 101 седница. Не може со 88.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Најлесно е, напуштете ја говорницата. Најлесно е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи собранието за тоа гласаше и имаме и резултат од гласањето, сега протести може на конференција за новинарите.

Минуваме на 101 точка.  - Предлог на закон за пратениците.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Предлагачот на Законот г-динот Слободан Даневски поднесе амандмани на член 5, член 11, став 1, член 19, став 3, член 25 став 2, член 26 став 1 алинеја 6 и 13, член 32, член 34 став 1 и 2, член 36, за менување на член 37, член 38 став 1, и за менување на ставот 2, член 31 и за додавање нов став 2 во ставот 1, член 36 и на член 47 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Предлагачот на Законот пратеникот Слободан Даневски, поднесе амандман за додавање нов член 34-а по членот 34 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Замир Дика, Билал Љутфии, Јонуз Абдулаи, поднесоа амандман на член 44 и истиот го повлекоа.

Пратениците Замир Дика, Билал Љутфии и Јонуз Абдулаи подне-соа амандман за менување на член 44 по кој предлагачот не се произнел.

Предлагачот на Законот пратеникот Слободан Даневски, поднесе амандмани за менување на член 30, за менување на член 31, за додавање два нови членови 31-а и 31-б, по членот 31 и за додавање нов член 48-а по членот 48 и тие се составен дел на тексетот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 44 поднесен од пратениците Замир Дика Билал Љутфиу и Јонуз Абдулаи.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 94 пратнеици. За гласале 19, воздржано гласале 19 и против гласале 56 пратеници.

Констатирам дека амандманот Собранието не го усвои.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, саскам да соопштам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, да го заклучам претресот па потоа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Г-динот Спасов сака да каже како ќе гласа Пратеничката група на СДСМ.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа против, од причините кои досега многу пати ги имаме соопштено и сметам дека нема причина одново да ги повториме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 99 пратеници, за гласале 73 пратнеици, воздржано гласале 3, и против гласале 23 пратнеици.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за пратеници.

Минуваме на 27-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со Предлог на закон.

Ние овде немаме преставник на Владата по оваа точка.

Минуваме на 83-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на шестиот протокол кон општата спогодба за привилегии и имунитети на Советот на Европа, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на Законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Шестиот протокол кон општата спогодба за привилегии и имунитети на Советот на Европа.

Молам да гласаме. - Гласале вкупно 87 пратнеици.

За гласале 85 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме. Гласале вкупно 81 пратеник, за гласале 79 пратеници, воздржан нема и против гласале 2 пратнеици.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се прересе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. - Гласале вкупно 77 пратеници.

За гласале 72, воздржано 1 пратеник и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Шестиот протокол кон општата Спогодба за привилегии и имунитети на Советот на Европа.

Минуваме на 84 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на РМ, и Владата на Руската Федерација со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на Законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за

ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Р.Македонија и Владата на Руската Федерација.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 84 пратеници. За гласале 80, воздржан нема, и против гласале 4 пратнеииц.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собраниетго го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73, за гласале 71, воздржано не гласал никој и против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 58, воздржано гласал никој, и против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај на Владата на РМ и Владата на Руската Федерација.

Минуваме на 85-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за промовирање реципрочна заштита на инвестиции со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на Законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за промовирање реципрочна заштита на инвестиции.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратнеици, за гласале 70 пратеници, воздржан не гласал никој и против гласале 2 пратенииц.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. За гласале 66 пратеници, воздржан 1, и против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. Гласале вкупно 80 пратеници, за гласале 75, воздржано не гласал никој и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за промовирање на реципрочна заштита на инвестиции.

Минуваме на 86-та точка Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија односно данокот по однос на данокот од доход и данокот на капитал со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на Законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита на фискална евазија односно данокот по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржан нема и против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници. За гласале 69, воздржано гласал 1 пратеник, и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале вкупно 75 пратеници, за гласале 71, воздржано гласал 1 и против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита на фискална евазија односно данокот по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Минуваме на точка 87- Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 70 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 70 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за остварување на правата на децата.

Минуваме на точка 88 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за законскиот статус за вонбрачните деца, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за законскиот статус на вонбрачните деца.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано не гласал никој, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 72 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за законскиот статус на вонбрачните деца.

Минуваме на точка 89 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за признавање и спроведување на одлуките кои се однесуваат на старателство над децата и на обновување на старателство над децата, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за признавање и спроведување на одлуките кои се однесуваат на старателство над децата и на обновување на старателство над децата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано не гласал никој, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано не гласал никој, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за признавање и спроведување на одлуките кои се однесуваат на старателството над децата и на обновувањето на старателство над децата.

Минуваме на точка 90 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за посвојување на деца, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за посвојување на деца.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано не гласал никој, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 68 пратеници, воздржано не гласал никој, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на

Европската конвенција за посвојување на деца.

Со ова го заклучивме комплексот со овие конвенции и спогодби за децата.

Сега ќе ја прекинеме седницата, а кога ќе продолжиме, ќе закажеме дополнително.

(Седницата прекина со работа во 20,20 часот).